КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 516/2
16.07. 2015 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 15, став 1, точка 27, од Статутот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Управниот одбор на Комората на седницата одржана на ден 16.7.2015 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за дисциплинска постапка во Комората**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за дисциплинска постапка во Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија (во натамошниот текст: Комора) се уредува: дисциплинската одговорност, дисциплински органи, дисциплински повреди, санкции, извршување на дисциплинските решенија, како и други прашања во врска со дисциплинската одговорност на членовите на Комората.

Член 2

Се смета дека членот на Комората не е одговорен за дисциплинска повреда додека неговата одговорност не биде утврдена со конечно решение.

На членот на Комората не може да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда која пред да биде сторена не била утврдена како повреда со законoнската регулатива, со Статутот на Комората или со Кодексот на професионална етика на Комората.

Одговорноста за сторено кривично дело, или друга повреда на законската регулатива или прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на членот на Комората.

Член 3

Дисциплинската постапка ја водат Дисциплинската комисија и Комисијата за решавање жалби од втор степен.

Постапката пред телата од точка 1 се води на македонски јазик, а претресот пред дисциплинската комисија е јавен, освен во случаи кога со цел да се заштити приватноста на странките во процесот Претседателот на комисијата донесе одлука да се оджи претрес од затворен тип.

## II ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

Член 4

Постојат два основи по кои овластениот инженер/архитект може да се повика на дисциплинска одговорност:

(1)Повреда на должноста и на угледот врз основа на одредбите на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање и останатата законска регулатива. Во овој случај во целост се следат одредбите од соодветната законска регулатива за самата постапка и за казнените мерки,

(2)Повреда на Статутот на Комората и Кодексот на професионалната етика на Комората.

По исклучок, дисциплинска постапка може да се покрене и против дипломиран инженер/архитект и кога нема издадено овластување на Комората, при што во ваков случај дисциплинската комисија може да изрече мерка за забрана за аплицирање за инженерско/архитектонско овластување од Комората.

Член 5

За повреда на должноста и на угледот се смета недоличен однос кон струката, односно пречекорување на начелата и правилата утврдени со Кодексот на професионалната етика, чија тежина се утврдува со оглед на важноста на загрозените добра, природата на повредената должност, висината на материјалната штета или други последици и со оглед на околностите под кои дејството е направено или пропуштено.

Повреда на должноста и на угледот на архитект, односно инженер, освен во случаите утврдени со закон има и ако овластениот архитект, односно овластениот инженер:

1. стори казниво и/или друго дело кое ја доведува во прашање неговата достојност за вршење на архитектонска или инженерска дејност;

2. за време на мирување на членството во Комората врши архитектонски и инженерски работи или ако таа мерка ја изигра на кој било начин;

3. спротивно на закон и овластувањето кое го има, посредува во одредени тела или правни лица кои вршат јавна дејност или ако постапува недостојно и спротивно на овластувањето;

4. несовесно ја врши архитектонската, односно инженерската дејност или нестручно го советува и застапува градителот;

5. го користи називот овластен архитект и/или овластен инженер спротивно на Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање;

6. продава порано направени проекти или готови проекти од каталог од друг автор;

7. на штета на друг овластен архитект или овластен инженер, на градителот му предлага измени во проект, без консултација и согласност на проектантот;

8. спротивно на одредбите на Кодексот на професионалната етика ќе преземе работа која ја договорил друг овластен архитект или овластен инженер;

9. ја повреди анонимноста на натпревар;

10. како вработен во правно лице не ги почитува актите на Комората или за нивната повреда не ја извести Комората;

11. побарува или прибавува работи на недостоен начин или ако потпишува проект, стручно мислење и слично изработени од неовластено лице;

12. не го применува тарифникот на Комората;

13. не ги почитува авторските права;

14.не ги извршува материјалните обврски кои произлегуваат од членството во Комората;

15. тешко ги повреди своите должности во органите на Комората;

16. во определен рок не ја извести Комората за извршена промена на личните податоци – адреса, телефон, или адреса на електронска пошта;

17. тешко ги повреди одредбите од Законот за градење, од Законот за просторно и урбанистичко планирање, од Статутот на Комората, или од Кодексот на професионалната етика при работата во заедничко биро или проектантско друштво;

18. потпишува и става печат на проектна документација која не ја изработил потпишаниот архитект/инженер.

Член 6

Одземање на инженерско овластување, дефинирано со законската регулатива секогаш се врши преку дисциплинска постапка во Комората.

Утврдената дисциплинска одговорност за дело дефинирано во закнската регулатива, се казнува со мерка утврдена во соодветната законска регулатива, доколку таквата мерка е утврдена.

Кога законската регулатива дозволува, за сторен дисциплинска прекршок, можат да се изречат и следните дисциплински мерки на овластен архитект и/или овластен инженер:

1. опомена;
2. јавна опомена;
3. парична казна;
4. одземање на едно или сите овластувања во траење од шест месеци до седум години.
5. забрана за аплицирање за какво било овластување од Комората за период од 1 до 3 години.

Член 7

Парична казна поради повреда на должноста на овластен архитект односно овластен инженер може да се изрече во износ од 5.000,00 (пет илјади) денари до 60.000,00 (шеесет илјади) денари

Ако се изрече единствена казна за повеќе повреди на должноста и на угледот на архитект односно инженер, утврдениот износ на вкупната единствена казна не смее да надмине 60,000.00 (шеесет илјади) денари.

Износот на паричната казна се уплатува на сметката на Комората.

## III. ДИСЦИПЛИНСКИ ОРГАНИ

Дисциплинската постапка ја водат Дисциплинската комисија, како првостепен орган и Комисијата за решавање жалби од втор степен, доколку

законот дозволува второстепеност на постапката за соодветната дисциплинска повреда.

***Дисциплинска комисија***

Член 11

Дисциплинската комисија одлучува во полн состав од тројца претставници: претседател и два члена, односно нивни заменици.

Дисциплинската комисија одлучува со мнозинство гласови од членовите на комисијата.

Член 12

Дисциплинската комисија :

1. одлучува за повредите на должноста и на угледот на овластен архитект и овластен инженер;
2. одлучува по предлог за покренување на дисциплинска постапка;
3. врши и други работи определени статут и закон.

Член 13

Дисциплинската комисија одлучува дали изречената казнена мерка ќе се објави во службеното гласило на Комората.

## IV. ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА

**Член 14**

Дисциплинската постапка се поведува по законски утврдена процедура или по предлог од надлежен орган на државната управа, општински орган, член на Управниот одбор на Комората, или засегнат поединец. Дисциплиска постапка не може да се покрене од анонимеен подносител.

Предлогот од став 1 на овој член покрај образложението за поведување на дисциплинската постапка содржи и факти и докази од кои Дисциплинската комисија утврдува дали постои дисциплинска повреда.

Дисциплинската постапка започнува со поднесување на писмено барање, на формулар број 1 од овој правилник.

**Член 15**

При одредување на дисциплинска мерка за повреда на должноста и на угледот на архитект или инжењер, Дисциплинската комисија ќе ги земе предвид сите околности од кои зависи видот и висината на казната, а особено штетните последици кои настанале, како и претходната дисциплинска осудуваност на сторителот. При изрекувањето на паричната казна може да се земе предвид и имотната состојба на сторителот на повредата.

**Член 16**

Ако за повредата е изречена парична казна, со одлуката ќе се одреди и рокот на плаќањето, кој не може да биде пократок од петнаесет дена ниту подолг од три месеци.

Во оправдани случаи Дисциплинската комисија може да дозволи паричната казна да се исплати и на рати. Во тој случај Комисијата го одобрува исплаќањето на рати кое не може да биде подолго од една година.

Паричната казна и трошоците за дисциплинската постапката се уплатуваат на сметката на Комората, а ќе се користат за унапредување на архитектонската и инженерската дејност.

## Поведување на дисциплинска постапка

**Член 18**

Дисциплинската комисија врз основа на поднесеното барање од член 14 поведува дисциплинска постапка.

## Постапка пред Дисциплинската комисија

**Член 19**

Претседателот на Дисциплинската комисија, по приемот на предлогот кој претходно е заверен во архивата на Комората, ја свикува Дисциплинската комисија во која покрај него има уште два члена или заменици.

**Член 20**

Дисциплинската комисија на седница го разгледува предлогот со доказите при што таа најпрво одлучува дали има основ за поведување на дисциплинска постапка. Доколку комисијата одлучи дека нема основ за дисциплинска одговорност, предметот се затвора.

Во случај кога Дисциплинската комисија утврди дека има основ за поведување на дисциплинска постапка, Претседателот на Дисциплинската комисија го известува овластениот архитект и/или овластениот инженер против кого има доставено предлог за покренување на дисциплинска постапка со поука дека во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето може да даде одговор на наводите од предлогот.

Дисциплинската комисија ја прекинува дисциплинската постапка ако

1.утврди дека делото кое е предмет на предлогот за покренување на дисциплинска постапка не е повреда или дека постојат околности кои ја исклучуваат дисциплинската одговорност, или дека нема доволно докази дека сторителот на повредата е под основано сомнение дека ја направил повредата која е предмет на барањето;

2. ако против сторителот на повредата се води друга судска/прекршочна постапка за истото дело до конечноста на таа постапка, доколку пресудата од таквата постапка има круцијално значење за утврдување на дисциплинската одговорност.

**Член 21**

Двете засегнати страни во дисциплинската постапка се повикуваат на разговор со членовите на дисциплинската комисија, или се бара нивен писмен исказ.

**Член 22**

Дисциплинската комисија може да побара од инволвираната странка да поднесе стручно вештачење за соодветниот предмет, доколку тоа е неопходно за донесување на конечно решение. Во исклучителни ситуации, дисциплинската комисија може самата да побара стручно вештачење.

**Член 23**

Освен во случаите кога законот утврдил дека е исклучено правото на жалба по донесеното решение, инволвирани странки во дисциплинската постапка имаат право на жалба до Комисијата за решавање на жалби од втор степен, во рок од 15 дена од добивањето на првостепеното решение.

**Член 24**

Подносителот на барањето за покренување на дисциплинска постапка со поднесување на барањето, плаќа надомест од 15.000 денари за покривање на трошокот за 3 рочишта на дисциплинската комисија.

Доколку барањето за поведување на дисциплинска постапка се одбие или се реши на помалку од три рочишта, Претседателот на дисциплинската комисија одлучува колку средства да се вратат на подносителот на барањето.

**Член 25**

Правилникот стапува на сила од денот на донесување од Управниот одбор на Комората.

*Скопје, Јули 2015*

М-р Блашко Димитров

Претседател на Комората

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**До** Формулар 1

**Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија**

Врз основа на Законот за градење, Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија и Кодексот на професионална етика на овластени архитекти и овластени инженери доставувам:

# БАРАЊЕ

**За покренување на дисциплинска постапка против**

**Инженер** ______________________________ **со овластување број** ____________

**заради:** (краток опис на недоследноста)

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

Во прилог на барањето ги доставувам следните документи:

- ______________________________
- ______________________________
- ______________________________
- ______________________________
- ______________________________

Име и презиме од подносителот на барањето: ______________________________

Барањето го поднесувам во својство на ______________________________
(Градежен инспектор, оштетена странка, општина, итн.)

Телефон за контакт и електронска пошта од подносителот на барањето: ______________________________

Подносител на барањето

______________________________
(потпис)

______________________________
(место и дата)

Со ова барање поднесувам и уплатница со уплата од 15.000 денари, согласно Правилникот за дисциплинска постапка во Комората.